

# Едукативен претстој на невропсихијатрискиот оддел во општата болница во Ново Место, Р.Словенија

Др. Лерка Пијанманова–Каровска
Здравствен дом – Скопје, Р.Македонија

Во периодот од 28.09.2015 год. до 16.10.2015 год . престојував во Општата болница во Ново Место, Р.Словенија, во својство на лекар на едукација, според проектот на Министерството за здравство на Р.Македонија за интердисциплинарно поврзување за проток на знаење мегу теоријата и праксата .

Под менторство на Др.Марјанца Божик, специјалист невролог, шеф на невролошкиот одддел, бев вклучена во сите сегменти на работата: стационар, амбуланти, дијагностика.
Работата се одвиваше по утврден редослед: утрински состанок со рапорт за дежурство, хоспитализирани болни, дијагностички и тераписки стратегии, презентации на проекти (пр, ефикасност на испитан лек во имуномодулаторна терапија кај мултипла склероза., реферирање за националниот невролошки конгрес одржан во тој период и др. )

По утринскиот состанок учествував во визитите,а потоа следувше амбулантската работа (редовна и ургентна амбуланта). Во ургентната амбуланта се запознав со системот за прием, обработка и тријажа на ургентните пациенти, донесени со итна медицинска помош, процена за исполнување на критериуми за тромболиза кај акутни исхемични мозочни удари, интердисциплинарна соработка особено со одделот за анатомоморфолошка дијагностика: КТ и НМР на глава.

Се запознав со работата на дијагностичките методи: ЕЕГ, ЕНМГ, ЕХО дијагностка-екстракранијален доплер.
Се запознав по пат на презентации и практично низ работата со организациониот, безбедносниот и хигиено-превентивниот аспект на системот во болницата

Личниот заклучок е дека претстојот беше конструктивен и ја исполни основната задача, стекнатите сознанија и искуства ги анализирав и компарирав со цел да се имплементираат позитивните во сопствената пракса.

.